Општинска установа Дом на културата

„Злетовски рудар” – Пробиштип

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинска установа-Дом на културата
„ Злетовски Рудар ”
Бр. 01 – 231/1
17-12- 20 25 год.
ПРОБИШТИП

# Програма за работа на ОУ Дом на културата

# „Злетовски рудар“ - Пробиштип

# за 2026 година

Адреса: ул.„Цветко Тонев”бб - Пробиштип

Тел/факс: 032/483-143; тел: 032/482-501

e-mail: dk_probistip@yahoo.com

Општинската установа Дом на културата „Злетовски рудар” се дефинира како установа која се грижи за програмско и функционално поттикнување и развој на културата, особено на творештвото на децата и младината на културно-уметничкиот аматеризам како и за објавување на културно-уметнички дела, како и за вршење на други дејности од областа на културата согласно со Законот.

Институцијата е формирана за постојано подигање на културното ниво на населението во градот како и за зачувување на старите, а исто така создавање на нови вредности и истите ги афирмира и презентира пред населението без разлика дали се работи за групи или поединци.

ОУ Дом на културата “Злетовски рудар” е центар на сите активности, настани и манифестации од културен карактер во Општината.

Поаѓајќи од својата функција утврдена со Закон и Статут во рамките на својата основна дејност ОУ Дом на културата „Злетовски рудар“ - Пробиштип ги врши следните дејности:

- **Сценско-уметничка дејност;**
- **Музичка дејност;**
- **Библиотечна дејност;**
- **Литературна дејност:**
- **Драмска дејност;**
- **Ликовна дејност;**
- **Киноприкажувачка дејност;**
- **Фестивали и манифестации;**
- **Музејска дејност;**

Преку горенаведените дејности всушност се остварува и функцијата на ОУ Дом на културата „Злетовски рудар”. Покрај вработените во институцијата за реализација на овие активности и настани ќе бидат ангажирани надворешни соработници со што се добива на квалитет во реализација на истите.

Домот на културата „Злетовски Рудар" во 2026 година планира спроведување и реализација на настани и активности од следните дејности.

## I.АМАТЕРСКИ САМОДЕЈНОСТИ

**-Драмска дејност**

За 2026 година планирани се гостувања на драмски претстави подготвувани од аматерски драмски студија од други градови како и гостувања на професионални драмски театри.Оваа година Домот на културата реализираше голем број на драмски претстави за сите возрасти,почнувајќи од најмалите дечиња па се до највозрасната популација така да и за следната година се планираат театарски претстава за љубителите на драмската дејност.

Драмското студио ЗЕР кое работи од самото постоење на Дом на културата следната 2026 година доколку има финансиски можности ќе подготви нова театарска претстава од македонски автори,а ќе биде ангажиран професионален драмски режисер кој ќе формира состав од актери аматери од нашиот град.Со претставата ќе се предвидат гостувања во други градови низ државата.

Оваа година Домот на културата аплицираше на проекти од национален интерес во културата за 2026 година , а од оваа дејност аплицираше со проект:

- „Гостувања на театарски претстави" со сума од 30.000 денари .

**-Музичко фолклорна дејност**

**КУД „Злетовски рудар"** како од своето формирање така и во 2026 година ќе го задржи континуитетот на својата работа, презентирајќи го изворниот и кореографираниот (стилизиран) фолклор и ќе земе учество на многу манифестации, фестивали како во земјата така и во странство. За успешноста на ова културно-уметничко друштво говорат и

многубројните награди и признанија на домашен и меѓународен план, а со тоа се потврдуваат и трајните вредности на македонскиот фолклор. Членовите на КУД “Злетовски рудар” се распоредени во две групи и со нив работи кореограф, како соработник за кореографиран фолклор. Во претстојната 2026 година планирани се многубројни настапи како во самата општина по повод многубројните празници, манифестации и фестивали така и во други градови низ нашата држава и надвор од неа каде ќе бидат поканети, а со тоа ќе се продолжи и соработката со многу културни уметнички друштва од нашата држава и пошироко. Од оваа дејност аплициравме со следниот проект:

- „Целовечерен концерт на фолклорни културно-уметнички друштва и ансамбли‘‘со сума од 120.000 денари

**Балетското студио „Магија“** во 2026 година ќе продолжи да ги негува модерните танци и се разбира ќе земе учество на сите општински манифестации, државни и меѓународни натпревари како во нашата така и во други држави. Оваа 2025 година балетското студио „Магија” учествуваше на неколку натпревари во модерни танци во нашата држава и постигнаа многу успеси. Освоија повеќе први места, многу награди и признанија во различни категории и насекаде успешно и достојно го претставија нашиот град и нашата институција.Следната 2026 година исто така планираме да реализираме уште многу настани и активности од оваа дејност со балетското студио „Магија”. Од оваа дејност аплициравме со следниот проект:

- Целовечерен концерт на балетското студио"Магија" со сума од 120.000 денари

**-Ликовни дејности**

Ликовната дејност исто така следната година ќе биде застапена во Домот на културата со организирање на многубројни изложби на професионални ликовни уметници, но и на аматери, вљубеници во овој вид на уметност.Исто така ќе бидат застапени и изложби на уметнички дела создадени на ликовни колонии од многу градови на нашата држава. Централно место од оваа дејност и се дава на „Лесновската ликовна колонија" која има меѓународен карактер на која се планира да земат учество и да создаваат дела познати ликовни уметници, како од земјата така и пошироко од регионот.Оваа година Дом на културата планира реализација на 34-та Меѓународна Лесновска ликовна колонија. Од оваа дејност аплициравме со следниот проект:

- „Превземање на изложби на самостојни ликовни уметници и колонии" со сума од 30.000 денари

**-Фестивали и манифестации**

Од музичко-сценска и фестивалска дејност оваа година аплициравме на следните проекти:

- „Целовечерен концерт на Националниот џез оркестар" со сума од 200.000 денари
- Целовечерен концерт на "Градски мешан хор Вардар" –Скопје со сума од 130.000 денари

**10-ти Јуни** – Ден на културата, следната 2026 година планираме исто така да го одбележиме со богата културна програма со повеќе културни активности и настани од повеќе дејности и да ги задоволиме вкусовите и потребите на нашите граѓани.

**Меѓународната соработка** како досега така и во 2026 година продолжува помеѓу нас, соседите и пошироко но може да дојде до измена на гостувањето поради разни објективни или субјективни причини.

## II. БИБЛИОТЕКАРСТВО

Народната библиотека „Јане Сандански" работи во состав на Домот на културата.Таа покрај изнајмувањето на книги на големиот број на читатели, има и друга културно-образовна дејност и игра голема улога во културното живеење на општината.

**-Набавка на нова литература**

Од самото постоење на библиотеката која има огромен книжевен фонд, сепак истата има потреба и оваа 2026 година да го обнови и збогати фондот на книги како лектирни изданија за учениците, енциклопедии за деца и возрасни, сликовници и актуелна литература од домашни и странски автори (стручна литература, белетристика, светски бестселери и др.). Со обновување и збогатување на книжниот фонд и обновување на лектирните изданија за учениците се зголемува и интересот за читање како и бројот на читатели во градската библиотека кои можат да ја користат и читалната за користење на стручната литература која ја имаме во голем број од сите области на науката.

Покрај тековните активности во библиотеката, по повод месецот на книгата, кој се одржува секоја година од 15 октомври до 15 ноември и во 2026 година е предвидено посета на библиотеката од страна на најмладите читатели, од градинките и основните училишта во општината,а исто така планираме и награди за најредовните читатели во градската библиотека. Следната година планираме и неколку промоции на книги на наши актуелни автори. Исто така неколку години наназад Домот на културата организира и саем на книгата на кој учество земаат голем број на книгоиздавачки куќи и сите наши читатели и љубители на книгата имаат можност да ги купат своите омилени наслови по саемски

цени и во нашиот град и оваа традиција на вакква организација ќе продолжиме да ја негуваме и во иднина и да организираме саем на книгата во уште поголем обем бидејќи интересот е навистина голем.Од оваа дејност аплициравме на следните проекти:

- Збогатување, набавка и водење на библиотечен фонд со сума од 60.000 денари
- Брз пристап во библиотечниот систем ЦОБИСС.МК со сума од 60.000 денари
- Набавка на рафтови за книги со сума од 60.000 денари

## III.ЛИТЕРАТУРНА ДЕЈНОСТ

Своите активности во 2026 година литературната дејност ќе ге оствари преку работата на Литературниот клуб "Процвет", преку учество на членовите на литературниот клуб на разни манифестации и тоа гостување на приципот реципроцитет или гостување на поети и писатели од нашата држава. Исто така следната година со литературно читање ќе одбележиме голем број на празници и манифестации. Во следната 2026 членовите на овој литературен клуб ќе продолжат да творат на различни теми и ќе останат на својот трасиран пат кон нови литературни победи.Литературниот клуб "Процвет" секоја година зема учество на многубројни детски поетски фестивали во нашата држава и освојува награди.

## IV. МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во оваа дејност постојано се води сметка за одржување на минералошка збирка која е сместена во Музејот за ретки минерали. Со правилник кој е донесен од управен одбор на Дом на културата, сите наши заинтересирани граѓани ќе можат да ја погледнат збирката.Исто така за следната 2026 година  се планираат и посети на Музејот од туристи

како од нашата држава така и од странство.Исто така Музејот за ретки минерали е ставен во програмата на Бирото за развој на образование и правилникот за екскурзии за основните училишта и кога се во тек екскурзиите организирани за во нашиот регион задолжителна е посетата на Музејот за ретки минерали во нашиот град. Од оваа дејност аплициравме на проект:

- Материјалната култура низ призмата на Марко Цепенков со сума од 90.000 денари
- Изложба на везови "Везена историја" со сума од 80.000 денари

## V. КИНОПРИКАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Со реализацијата на проектот за подобрување на ентериерно-техничките услови во киното "Рудар" се врати кинoприкажувачката дејност, со остварување на соработка со кинотеката во нашата држава и други кинoприкажувачки продукции. И за следната 2026 година ќе се овозможи организирање на кино-претстави од различни жанрови и различни периоди, како и презентација на најновите филмски остварувања од домашна и странска продукција. Сето ова има за цел да ја врати публиката во поголем број пред филмското платно. Ќе се остварува и соработка со училиштата од општината за координирање на наставните програми со филмските проекции. Оваа година се реализираа голем број на кино проекции засите возрасти ,така да и за следната година се планираат проекции и љубителите на оваа дејност ќе имаат можност да уживаат на филмското платно.

Дом на културата "Злетовски Рудар"-Пробиштип официјално започнува со работа далечната 1975 година и оттогаш па наваму успешно работи и реализира културни активности и настани од сите дејност и остварува соработка со скоро сите Домови и Центри за култура низ нашата држава ,а ќе продолжи и во иднина.

## VI.ПОСРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Од сите активности кои се наведени во сите дејности во Домот на културата, за нивна успешна реализација потребно е посредување и организација. Тоа подразбира ангажирање на надворешни соработници за успешно реализирање на сите активности. Тука мора да се споменат и набавките и печатење на разни плакати и покани. Посредувањата се потребни за реализација на сите културно-образовни настани и збиднувања кои се предвидени со оваа програма.

## VII. АДМИНИСТРАЦИЈА И ТЕХНИЧКО ОДРЖУВАЊЕ

Во текот на 2025 година покрај набавката на канцелариската опрема се планира набавка на други артикли за техничкото одржување кое е неопходно ако се земе предвид дека опремата застарува и бара постојано обновување.

**Забелешка:**

ОУ Дом на културата „Злетовски Рудар – Пробиштип во 2026 година, како и до сега, активно ќе се вклучи како ко-организатор заедно со општина Пробиштип во организирање на неколку културни манифестации, како и оние проекти кои се поддржани од Министерство за култура. Голем дел од планираната програма, а која не е спомената овде, ќе се реализира во текот на 2026 година во соработка со други културни институции и прилагодувања со нивните програми за работа. Дом на културата „Злетовски Рудар“ од Пробиштип аплицираше на повеќе проекти до Министерство за култура, а воедно се потпишаа согласности за превземање на проекти кои ги аплицираа останатите културни центри како и независни културни работници.

ОУ Дом на културата

„Злетовски рудар“ - Пробиштип
ВД Директор

_______________________
/Марија Трајчева/